**20211061662**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 28 став (8) и член 58 став (1) од Законот за заштита на населението од заразни болести („Службен весник на Република Македонија“ бр.66/04, 139/08, 99/09, 149/14, 150/15, 37/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 257/20), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 11 мај 2021 година, донесе

### ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРЕВЕНТИВНИ ПРЕПОРАКИ, ВРЕМЕНИ МЕРКИ, НАРЕДЕНИ МЕРКИ, НАМЕНСКИ ПРОТОКОЛИ, ПЛАНОВИ И АЛГОРИТМИ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ ЗА ЗАШТИТА НА ЗДРАВЈЕТО НА НАСЕЛЕНИЕТО ОД ЗАРАЗНАТА БОЛЕСТ COVID-19 ПРЕДИЗВИКАНА ОД ВИРУСОТ SARS-CoV-2, СЛУЧАИТЕ И ВРЕМЕНСКИОТ ПЕРИОД НА НИВНА ПРИМЕНА

Член 1

Во Одлуката за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.263/20, 269/20, 275/20, 287/20, 292/20, 298/20, 304/20, 306/20, 317/20, 13/21, 45/21, 53/21, 55/21, 58/21, 64/21, 65/21, 75/21, 87/21, 94/21 и 100/21), во член 13 точката 4. се брише.

Точките 5., 6., 7., 8., 9. и 10. стануваат точки 4., 5., 6., 7., 8. и 9.

Во точката 11. која станува точка 10 во ставот 1 зборовите „по 22:30 часот“ се заменуваат со зборовите „по 23:30 часот“, а зборовите „почнувајќи од 5 мај 2021 година (среда) до 15 мај 2021 година (сабота)“ се заменуваат со зборовите „почнувајќи од 12 мај 2021 година (среда) до 18 мај 2021 година (вторник)“.

Во точка 12. која станува точка 11 ставот 1 се менува и гласи:

„11. Се забранува движење на населението и на возила од јавен превоз на територијата на Република Северна Македонија, во временски период од 24:00 часот до 4:00 часот, почнувајќи од 12 мај 2021 година (среда) до 18 мај 2021 година (вторник), освен од 12 мај 2021 година (среда) до 13 мај 2021 година (четврток).“.

Точката 13. станува точка 12..

Точка 14. се брише.

Член 2

Прилогот број 5. се заменуваат со нов Прилог број 5., кој е даден во прилог и е составен дел на оваа одлука.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 40-678/12
11 мај 2021 година
Скопје

Прв заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Artan Grubi,** с.р.